СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ЗОРАН РИСТЕВСКИ

за Могила



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Почитувани сограѓани,**

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија со гордост ја претставува Програмата за локалните избори 2025 за Општина Могила. Нашата визија е јасна: да изградиме модерна, развиена и правична општина, која ќе обезбеди подобар квалитет на живот за сите жители.

Оваа програма е резултат на внимателно слушање на потребите на граѓаните и е изработена врз основа на реални решенија и остварливи цели. Фокусот го насочуваме кон три клучни приоритети:

Развој и инфраструктура

- Реконструкција и изградба на локални патишта, подобрување на водоснабдувањето и канализацијата, инвестирање во јавни површини и одржлива животна средина.

Образование и социјална грижа

- Унапредување на условите во училиштата и детските градинки, поддршка за младите и семејствата, грижа за старите лица и ранливите категории.

Транспарентност и домаќинско управување

- Отворена и одговорна општина, која ги вклучува граѓаните во процесот на одлучување и рационално ги користи јавните средства.

Нашата цел е Могила да стане пример за општина што се развива рамномерно, што им нуди можности на сите генерации и што гради иднина со еднаква грижа за секое село и за секој човек.

Со вашата доверба и поддршка, заедно ќе ја претвориме оваа визија во реалност.

**Драги сограѓани, пријатели, соседи,**

Гордо стојам пред вас со особена чест, одговорност и благодарност што ми ја давате довербата да бидам вашиот кандидат за градоначалник на нашата Општина Могила. Могила е повеќе од обична општина – таа е наш дом, нашата иднина и иднина на нашите деца. Верувам дека со работа, визија и искреност можеме да ја изградиме Могила како место каде што ќе има подобра инфраструктура, чиста животна средина, нови работни места и вистинска поддршка за младите и земјоделците. Ние веќе добро се познаваме, долги години сме сожители на Општина Могила, често сме се среќавале по различни поводи, сме соработувале, дружеле и меѓусебно сме се почитувале, но моја должност е да ви се претставам.

Јас сум Зоран Ристевски и живеам во Могила, потекнувам од скромно семејство, оженет, татко на две деца. Моето формално образование започна токму од Могила, каде што го завршив основното образование, средното го завршив во Битола и високото образование во Скопје на Универзитетот за туризам и менаџмент. Во мојата долго годишна кариера сум работел на различни места, задачи и позиции. Повеќе од 15 години работев и работам во приватниот сектор, а другиот дел од моето работно ангажирање сум го поминал на раководни позиции во државниот сектор. Мојот професионален ангажман бил во „Пела хигиена" - Могила како директор на ова претпријатие и на висока позиција во Подружница Битола – „Македонски шуми", каде што стекнав големо искуство. Имам работно искуство повеќе од 25 години, сум се соочувал со различни предизвици и секогаш сум успевал да ги надминам.

Мојата цел не е само да бидам градоначалник, туку да бидам ваш партнер и сојузник – човек што ќе ве слуша и ќе работи заедно со вас. Ветувам дека секоја одлука што ќе ја донесам ќе биде за добро на сите граѓани, без поделби, со еднаква грижа за секое село и секое семејство.

Заедно ќе изградиме општина со модерен изглед, општина што ќе биде пример за тоа како една мала општина може да биде голема во дела, во идеи и во успеси.

Ве повикувам на заедништво, на храброст и на визија. Време е да покажеме дека иднината не ја чекаме – туку ја создаваме.

Но Могила може и мора да биде многу повеќе! Јас гледам општина што не е само место за живеење, туку и место за развој, за младите да останат, за семејствата да просперираат, и за секој граѓанин да има достоинствен живот.

Мојата визија е јасна:

- Могила да стане пример за зелена општина, која ќе инвестира во чиста енергија, модерно управување со отпадот и зачувување на природата.
- Могила да биде економски живо место, со поддршка на земјоделството, малиот бизнис и нови инвестиции што ќе донесат работни места.
- Могила да биде општина на младите, со културни, спортски и образовни содржини, кои ќе ги инспирираат да останат и да го градат својот живот тука.
- Могила да биде општина на солидарноста, каде што старите, ранливите и секој човек ќе добијат поддршка и внимание.
  Верувам дека вистинското лидерство не е само во зборови, туку во дела. Затоа ветувам дека секој чекор ќе биде транспарентен, секоја одлука ќе биде заедничка, а секој граѓанин ќе има глас.
  Нашата општина може да биде светол пример за Македонија – општина што се развива со почит кон своите луѓе, со љубов кон својата земја и со поглед кон иднината.

Почитувани сограѓани, иднината на Могила не е во рацете на еден човек – таа е во нашите заеднички раце. Ајде заедно да изградиме општина на која ќе бидеме горди!

**Ви благодарам!**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за општина Могила

Ние сме кандидати за општинскиот Совет и се обраќаме директно до вас – граѓаните. Веруваме дека нашата општина треба да биде пристојно место за живеење на сите граѓани. Заедно можеме да обезбедиме побезбедни улици, поддршка за малите бизниси и почиста околина во која живееме. Не ветуваме чуда – ветуваме работа, чесност и транспарентност. Со вашата поддршка ќе го донесеме и ќе го кренеме гласот на граѓаните во Советот на Општина Могила. Заеднички за подобра Општина Могила!

1. Даниел Бошевски, 1992 – дипломиран правник
2. Златко Мартиновски, 1974 – ССС
3. Симона Поповска, 1995 – студент на Економски факултет, Прилеп
4. Марија Талевска-Стојчевска, 2001 – дипломиран правник
5. Слободан Лопатички, 1990 – ССС
6. Фатмира Груевска, 1989 – ССС
7. Сашо Шекревски, 1981 – ССС
8. Дарко Талевски, 1992 – дипломиран правник
9. Маја Мајсторовска, 1986 – дипломиран одделенски наставник
10. Андреа Ангелевска, 2000 – дипломиран воспитувач
11. Александар Цветковски, 1992 – ССС

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

За само 4 години локална власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Општина Могила стана пример како не се работи во интерес на сите граѓани. Како Општина Могила се најде на дното по индексите за транспарентност и отчетност. Веќе 4 години Општина Могила не е отворена и услужна општина, општина по мерка на граѓаните. Четири години Општина Могила уназадува на сите полиња. Нема развојни политики и јасна визија и не се работи во насока на подобрување на услугите и условите за подобар и поквалитетен живот за сите граѓани. Нашите развојни политики се различни од претходните и затоа се разликуваме и во идниот период ќе продолжиме да работиме во интерес на граѓаните со инвестиции насочени кон подобрување на општинските услуги.

Слаба реализација на ветени проекти. Од ТОП 10 ветени проекти, реализација на минимални 3 проекти. Јавната чистота во населените места е на најниско можно ниво. Немаат капацитет веќе направеното и набавеното од претходната локална власт предводена од СДСМ да го одржуваат и редовно да го сервисираат.





## Главни проблеми со кои се соочуваат жителите на општината

- Проблеми со безбедноста во сообраќајот и пешаците во с. Могила
- Проблем со водоснабдувањето во с. Трновци, с. Лознани, с. Св. Тодори, с. Подино, с. Ново Селани, с. Мојно, с. Мусинци
- Проблем со водоснабдувањето во повеќе населени места во општината
- Проблем со канализацискиот систем во с. Могила
- Немањето канализациски мрежи во поголемите села
- Јавната чистота во сите населени места е на најниско можно ниво

# МОЈАТА ВИЗИЈА



Почитувани сограѓани,

Мојата визија не ја прават празни зборови, туку јасен план за Могила. Општината заслужува одговорно и чесно раководство што ќе работи на реални проекти коишто директно ќе го подобрат животот на сите нас.

Општина Могила мора да прерасне во урбана, атрактивна, функционална, модерна и конкурентна општина во регионот и пошироко, со создадени услови за одржлив економско-социјален развој и квалитетен живот на населението.

Општина Могила има цел да обезбеди одржлив развој користејќи ги расположливите природни ресурси и човечки потенцијали насочени кон создавање просперитетна иднина на целокупното население и заедницата.

Како ваш кандидат за градоначалник, мојот приоритет ќе биде:

- **Создавање современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребите на граѓаните и стопанството;**
- **Создавање поволни услови за одржлив економски развој и создавање поволна инвестициска клима и отворање нови работни места;**
- **Зајакнување и промовирање на релациите на партнерства меѓу јавниот и приватниот сектор;**
- **Искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам;**
- **Развивање на образованието, културата, здравството, спортот и заштитата на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во општината;**
- **Тимската работа е основа за компетентноста и професионалноста;**
- **Законско исполнување на потребите и очекувањата на нашите граѓаните и другите заинтересирани страни;**
- **Транспарентност и отчетност – секој граѓанин ќе знае каде оди секој денар од буџетот.**
- **Социјала и здравствена заштита - поголема финансиска поддршка за најранливите категории граѓани и обезбедување достоинствени услови за живот. Ефикасна здравствена заштита за сите граѓани.**
- **Млади и образование – уредени спортски и културни содржини, подобрени услови во училиштата и создавање програми за младински вработувања.**

Јас не ветувам невозможни работи. Ветувам работа, посветеност и резултати што ќе ги видите во првите 100 дена.

Верувам дека Општина Могила може да биде пример за добро управување и успешна општина. За сето тоа ми е потребна вашата доверба.

Да работиме заедно – за нашата Општина Могила што останува овде, за иднина што почнува денес!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз неколку клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти што ќе водат кон подобрување на квалитетот на животот, задржување во заедницата, подобрување на институциите и системот, можност за учество во одлучување, пристап до култура, образование и спорт, поддршка за стартапи, социјална инклузија, социјална благосостојба, градење здрави и свесни индивидуи преку подобро образование, културен раст и развој и здобивање животни вештини, вклученост на младите во креирање на иднината на својата општина и на општеството во целина, хумано планирање – нови резиденцијални и културни хабови (квалитетно домување), поттикнување на локалниот економски развој и создавање поквалитетни работни места, дигитализацијата како шанса за квантен скок во воспоставување нови повисоки стандарди, енергетска транзиција и зелена агенда.

- **Социјала и здравствена заштита:**
  - Зголемување на еднократната финансиска помош за болни и изнемоштени лица;
  - Зголемување на еднократна финансиска помош за лица со посебни потреби и домаќинства во социјален ризик;
  - Зголемување на еднократна финансиска помош за еднородителски семејства;
  - Зголемување на еднократна финансиска помош стари лица без семејна грижа;
  - Зголемување на еднократна финансиска помош за деца без родителска грижа;
  - Обезбедување превоз на жителите од Општина Могила (припадници на ранливи категории) до здравствени институции во државата;
  - Обезбедување пакети со прехранбени производи по повод божиќните и велигденските празници за семејства во социјален ризик;
  - Субвенции за полагање возачки испит за самохрани мајки/ деца на самохрани мајки;

- Субвенции за сместување дете во градинка за самохрани родители и деца на семејства од социјален ризик;
- Мобилни амбуланти по селата во соработка со Здравствен дом и Црвен крст;
- Формирање интервентен социјален фонт за семејства во ризик (болест, операција, пожар, поплава);
- Организирање едукативни работилници за подигнување на свеста за здравјето на жените;
- Гинеколошки услуги достапни во руралните населени места – мобилни тимови или теренски амбуланти;
- Кампањи и бесплатни прегледи за превенција од рак на дојка и рак на грлото на матката;
- Кампања и бесплатни прегледи за подигнување на свеста за машко здравје;
- Достапен оброк – програма во соработка со локални кујни/ресторани, општината обезбедува бесплатен топол оброк за најсиромашните семејства, стари, едночлено семејство и лица со попреченост;
- Домашна поддршка за стари и болни лица - општински мобилни тимови во соработка со Црвен крст;
- Безбеден покрив - програма за итно сместување на семејства што остануваат без дом поради пожар, насилство итн.;
- Општински денови за здравје - бесплатни превентивни прегледи за сите категории граѓани;

**Чиста и здрава животна средина:**

- Беспрекорна комунална хигиена
- Изградба на фекални канализациски системи во поголемите населени места
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Изградба на атмосферска канализација во сите населени места
- Редовно чистење на дивите депонии
- Поставување сензори за аерозагадување
- Подигнување зелени појаси околу секое населено место

- Подигнување мегапаркови во населените места адаптирани со реквизити и урбана опрема
- Субвенционирање за поставување соларни системи за топла вода
- Засадување мини зелени површини на запуштени места во населените места за сенка, свеж воздух и рекреација
- Субвенционирање на набавени садници - дрвја пред куќи, јавни институции и површини како и озеленување на дворови
- Награди за најубав двор, најчист двор и најмногу собран отпад
- Редовно сезонско чистење и одржување на каналската мрежа на територијата на Општина Могила
- Поставување соларни панели и инвестирање во обновлива енергија за општинските училишта, градинки и други институции и објекти.

## Општини по мерка на граѓаните:

- Отворена, услужна и ефикасна општина за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетна и транспарентна општина – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини
- Воведување телефонска линија за брзи интервенции -каде што граѓаните ќе можат да пријават ситни проблеми
- Е-катастар - шалтер
- Отворени денови со градоначалникот и советниците.

## Младите во фокусот - Младите се нашата иднина и надеж

- Субвенции за полагање возачки испит до 26 години
- Формирање хаб за млади - со обуки и поддршка
- Микрогрантови за проекти предложени и реализирани од млади луѓе
- Бесплатни обуки за млади за дигитални вештини/маркетинг

## Пензионери - Поддршка за достоинствен живот

- Обезбедување социјални и економски погодности за сите пензионери
- Вредносен ваучер за сите пензионери - двапати во годината за достоинствено одбележување на божиќните и велигденските празници
- Обезбеден бесплатен превоз за екскурзии и еднодневни посети на туристички места

- Организирање пензионерски рекреативни натпревари и игри
- Финансиска поддршка за организирање локални манифестации од страна на пензионерите
- Субвенционирање на дел од трошоците за користење бањски услуги и рехабилитација.

**Образование:**

- Зголемување на еднократната финансиска помош за прваче
- Обезбедување ученички униформи
- Обезбедување таблети за учениците од 4. одделение
- Стипендии за запишани студенти во прва година – прв циклус на државните универзитети во РСМ
- Еднократен паричен надоместок за средношколци што се запишуваат во прва година во одредена струка
- Еднократен паричен надоместок за ученици на генерацијата од основни и средни училишта од Општина Могила
- Бесплатен оброк, превоз и училиштен прибор за секој ученик со попреченост
- Бесплатни часови по математика и јазици за ученици од социјално ранливи семејства
- Опремување на сите кабинети во подрачните и централното училиште
- Обезбедување смарт-табли и други
- Обезбедување енергетско-ефикасни фасади на централното и подрачните училишта
- Поставување соларни панели на покривите на сите училишта.

**Локален економски развој - туризам - култура**

Зајакнување на локалниот економски развој значи потреба од директна работа за економско зајакнување на локалните области со цел да се подобри квалитетот на животот на граѓаните.

Денес успехот на општествата зависи од способноста на локалните средини да се приспособат кон брзите општествени и економски промени и од способноста за зајакнување на сопствената конкурентност.

Со повторно добивање на вашата доверба, локалната власт на Општина Могила предводена од СДСМ, во наредниот период ќе продолжи да биде фокусирана на локалниот економски развој и на градење партнерство со бизнис-секторот за остварување

на интересите на граѓаните. Развивање на спортот, културата и туризмот како единствени промотори на нашата општина.

- Поддршка и развој на малите и средните претпријатија.
- Редовни средби со бизнис-заедницата и создавање услови за проширување на постојните бизниси и можностите за отворање нови работни места.
- Промоција на Општина Могила и привлекување домашни и странски инвестиции.
- Развивање на енергетските капацитети и инфраструктура во Општина Могила, пред сè, во фотоволтаици и хидроцентрали.
- Урбанизација на поголемите населени места и урбанистички планови за индустриски капацитети.
- Заштита на животната средина (чистење диви депонии, мапирање, регионална депонија, акции за пошумување и подигнување зелени заштитни појаси).
- Инвестиции во водоводни системи.
- Инвестиции во канализациски системи.
- Поддршка на спортот и културата преку инвестиции што ја унапредуваат општата положба и задоволување на потребите и интересите на сите граѓани, пред сè, на младите.
- Поддршка и развој на руралниот и меморијалниот туризам.
- Финансиска поддршка за организирање локални манифестации и настани што ги промовираат локалните традиции со акцент за рамномерен културен развој и промоција на сите населени места.
- Развој и унапредување на руралниот, меморијалниот и манастирскиот туризам.
- Поттикнување на екотуризам и агротуризам.
- Организирање велосипедски тури.
- Одбележување на значајни датуми и подигнување на значајни историско-меморијални споменици.
- Организирање Културно лето Могила

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ ТИРЗ „Петилеп“ во Општина Могила – инфраструктура за развој и нови инвестиции

Во Општина Могила е предвидена изградба и развој на технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) „Петилеп“, која претставува стратегиска можност за локален економски раст, отворање нови работни места и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. За нејзино целосно функционирање и за привлекување сериозни странски и домашни инвеститори, неопходна е изградба и модернизација на клучната инфраструктура што води до зоната.

Приоритети на проектот:

1. Изградба и реконструкција на пристапните патишта до ТИРЗ-зоната;
2. Воспоставување стабилно и квалитетно водоснабдување и канализациска мрежа;
3. Инсталирање современа електрична и телекомуникациска инфраструктура;
4. Уредување на јавните површини и поставување енергетски ефикасно улично осветлување.

Со реализација на овие активности, зоната ќе стане целосно подготвена да прифати компании што ќе инвестираат во производство, нови технологии и зелена енергија.

**Образложение на проектот:**

Изградбата на инфраструктурата кон ТИРЗ „Петилеп“ претставува инвестиција со долгорочен и повеќекратен поврат: создавање нови работни места, поттикнување на економскиот развој и зголемување на буџетските приходи на Општина Могила.

**Целна група:**

Сите жители во Општина Могила

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Отворање два центра за ран детски развој во Добрушево и Ивањевци

Општина Могила го препознава значењето на раниот детски развој како темел за идниот успех на секое дете. Со цел обезбедување квалитетна грижа, образование и поддршка во најраните години, се планира отворање на два за ран детски развој – еден во Добрушево и еден во Ивањевци.

Очекувани резултати:

- Пристап до квалитетна предучилишна воспитно-образовна грижа за деца од целата општина;
- Ослободување на времето на родителите и поголема можност за нивна вработеност и економска активност;
- Рамномерен развој на општината и поддршка за младите семејства во сите населени места;
- Подобрување на животниот стандард, со намалување на потребата за иселување од помалите села.

Со реализацијата на овој проект, Општина Могила покажува дека вложувањето во најмладите значи вложување во иднината на целата заедница.

**Образложение на проектот:**

Отворањето на два Центри за ран детски развој во Добрушево и Ивањевци произлегува од реалната потреба за подобрување на условите за згрижување и едукација на најмладите. Во овие населени места недостига соодветна установа која би им овозможила на децата безбедна и стимулирачка средина за учење и развој. Истовремено, родителите се соочуваат со предизвици при балансирање на грижата за децата и нивните работни обврски.

Со отворањето на центрите ќе се обезбеди квалитетна грижа, рано образование и еднакви можности за сите деца, ќе се поддржат родителите и ќе се поттикне економската активност во општината. Проектот придонесува и за отворање нови работни места, задржување на младите семејства во руралните средини и долгорочен локален развој.

**Целна група:**

- Деца од 0 до 6 години од населените места Добрушево и Ивањевци, кои ќе добијат квалитетна грижа и рано образование;
- Родители и старатели од овие села, со полесен пристап до услуги за згрижување и можности за вработување;
- Локалната заедница преку отворање нови работни места и подобрен квалитет на живот;
- Непосредни придобивки ќе имаат и децата и семејствата од околните населени места, кои ќе можат да ги користат услугите на центрите.

## Топлификација на с.Могила- изградба на примарна и секундарна дистрибутивна мрежа

Станува збор за веќе започнат проект за изградба на систем за топлификација на Битола, Новаци и Могила. Изграден е централен топловод кој веќе е влезен во Битола и се работи на примарна и секундарна дистрибутивна мрежа. Проектот е финансиран со кредит од германската KFW БАНКА во вредност од 40 милиони евра со дополнителна инвестиција од АД ЕСМ во вредност 7 милиони евра. Првенствено на дистрибутивната мрежа ќе се поврзат институции, а потоа и индивидуалните куќи. За овој проект за изградба на секундарна топловодна мрежа за с. Могила е потребна изработка на проектна документација.

**Образложение на проектот:**

Во Могила ќе се изгради примарна и секундарна дистрибутивна мрежа до институции и краци до индивидуални куќи.

**Целна група:**

Жителите на с. Могила, земјоделци, ученици , администрација

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Реконструкција на бифето во с. Дедебалци и пренамена во Клуб на пензионери

Во населеното место Дедебалци се наоѓа поранешното бифе, кое моментално не се употребува, а е во сопственост на општината. Преку реконструкција и адаптација на објектот, ќе се создаде Клуб на пензионери – простор за социјални, културни и рекреативни активности за постарите лица од селото и околните населени места.

Проектот ќе овозможи:

- Реконструкција и приспособување на просториите за потребите на пензионерите;
- Опремување со мебел, дидактички материјали и рекреативни содржини;
- Организирање социјални и културни активности, рекреација и дружење;
- Подобрување на пристапноста за лица со намалена подвижност.

**Образложение на проектот:**

Овој проект ќе ја зголеми социјалната вклученост и квалитетот на животот на постарите лица, а истовремено ќе им обезбеди место за дружење, активен живот и одржување на менталното здравје.

**Целна група:**

Постари лица од Дедебалци и околните села, особено оние што се социјално ранливи или живеат сами;

Семејства на постари лица, кои ќе добијат поддршка во секојдневниот живот;

Заедницата во целина, бидејќи клубот ќе обезбеди социјална инфраструктура и услови за активен и здрав живот на пензионерите.

## Поврзување на населени места Трновци, Лознани, Св. Тодори, Подино, Ново Селани, Мојно и Мусинци со ЈКП „Водовод“ Битола

Во населените места Трновци, Лознани, Св. Тодори, Подино, Ново Селани, Мојно и Мусинци постои сериозен проблем со водоснабдувањето. Многу домаќинства немаат редовен и квалитетен пристап до вода, што негативно влијае врз секојдневниот живот, хигиената и развојот на заедницата. Со реализацијата на овој капитален проект ќе се обезбеди поврзување на сите овие населени места со ЈКП „Водовод“ Битола, што ќе овозможи стабилно, безбедно и континуирано снабдување со вода за пиење.

Активности на проектот:

- Проектирање и изградба на водоводна мрежа до сите опфатени села;
- Инсталација на цевки, пумпи и приклучоци за домаќинствата;
- Обезбедување на модерна инфраструктура за контрола и одржување на системот;
- Тестирање и пуштање во употреба на мрежата.

**Образложение на проектот:**

Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди континуирана и квалитетна вода за пиење, ќе се подобрат здравствените и хигиенските услови и ќе се зголеми квалитетот на животот во сите опфатени села, истовремено создавајќи услови за економски развој и одржлива инфраструктура за идните генерации.

**Целна група:**

- Сите жители на селата: Трновци, Лознани, Св. Тодори, Подино, Ново Селани, Мојно и Мусинци;
- Семејства, земјоделци и локални стопанства коишто ќе имаат корист од континуираното снабдување со вода;
- Целата заедница на Општина Могила, преку подобрена инфраструктура и услови за развој.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на повеќенаменска спортска сала во с. Ивањевци

Проектот има цел да обезбеди современ и функционален простор за спортски активности и рекреација за жителите на Ивањевци, особено за младите и учениците од локалното училиште. Со реализација на проектот, селото ќе добие инфраструктура што ќе овозможи организирање спортски настани, тренинзи и рекреативни активности за сите возрасти.

### Цели на проектот:

- Подобрување на условите за спорт и рекреација во селото;
- Поттикнување здрави животни навики кај младите;
- Создавање простор за организирање локални натпревари, културни и едукативни настани;
- Зголемување на социјалната кохезија и активноста на заедницата.

### Образложение на проектот:

Изградбата на повеќенаменска спортска сала во село Ивањевци произлегува од потребата за обезбедување современ простор за спорт, рекреација и културни активности за жителите на селото. Во моментов, локалната заедница нема соодветни услови за организирање спортски тренинзи, натпревари или рекреативни активности, особено за младите.

### Целна група:

- Ученици и млади од село Ивањевци, кои ќе имаат можност за редовни спортски активности и тренинзи;
- Жители од сите возрасти, кои ќе можат да учествуваат во рекреативни и спортски настани;
- Спортски клубови и организации од локалната заедница за организирање натпревари и настани;
- Педагози, воспитувачи и тренери што ќе ги користат капацитетите на салата за едукација и тренинг.

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## с. Могила

- Ставање во функција на пречистителна станица за фекални отпадни води
- Изградба на секундарна топловодна мрежа
- Систем за наводнување на земјоделските површини
- Реконструкција на тротоари
- Изградба и реконструкција на локални улици
- Подигнување зелен појас околу Могила
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Поставување фотоволтаици на општинската зграда, детската градинка и централното училиште во Могила
- Изградба на атмосферска канализација
- Поставување туристичка инфосмарт табла со сите туристички дестинации во Општина Могила
- Отворање е-катастар
- Отворање експозитура на банка

## с. Ивањевци

- Доизградба на канализациски систем со пречистителна станица
- Подигнување зелен појас околу селото
- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Отворање Центар за ран детски развој
- Изградба на повеќенаменска спортска сала

## с. Добрушево

- Доизградба на канализациски систем со пречистителна станица
- Подигнување зелен појас околу селото
- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Отворање Центар за ран детски развој

## с. Дедебалци

- Изградба на паркинг-простор пред локалната црква
- Изградба на канализациски систем со пречистителна станица
- Асфалтирање и реконструкција на локални улици

4. Изградба на тротоари

- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Отворање клуб за пензионери

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **с. Црничани**
  - Асфалтирање на сите локални улици во селото
  - Тампонирање на полски патишта
- **с. Путурус**
  - Тампонирање на полски патишта
  - Асфалтирање на сите локални улици во селото и асфалтирање на патот до манастирот, „Света Петка"
- **с. Трап**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- **с. Алинци**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- **с. Будаково**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- **с. Мусинци**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
  - Изградба на канализациски систем со пречистителна станица
- **с. Мојно**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Тампонирање на полски патишта
- **с. Ношпал**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
  - Изградба на канализациски систем со пречистителна станица
- **с. Радобор**
  - Асфалтирање и реконструкција на локални улици
  - Изградба на тротоари
  - Тампонирање на полски патишта
  - Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема

**с. Горно и Долно Чарлија**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема

**с. Беранци**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Изградба на канализациски систем со пречистителна станица

**с. Долно Српци**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Изградба на канализациски систем со пречистителна станица

**с. Вашарејца**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема

**с. Лознани**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема

**с. Новоселани**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта

**с. Подино**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта

**с. Свето Тодори**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема

**с. Трновци**

- Асфалтирање и реконструкција на локални улици
- Изградба на тротоари
- Тампонирање на полски патишта
- Партерно уредување на простор со поставување урбана опрема
- Изградба на канализациски систем со пречистителна станица

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА